# ‚Тешко на петите од огнот! Земајте го абдестот потполно!‘“

Од Абдулах бин Амр, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува: „Се враќавме со Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, од Мека кон Медина. На патот, кога пристигнавме до место со вода, некои луѓе побрзаа во времето на икиндија да земат абдест набрзина. Кога стигнавме кај нив, забележавме дека задниот дел од нивните пети останал сув, бидејќи водата не ги допрела. Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Тешко на петите од огнот! Земајте го абдестот потполно!‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, патувал од Мека кон Медина заедно со своите асхаби. На патот наишле на извор, па некои од асхабите побрзале да земат абдест за икиндискиот намаз. Во нивното брзање, задниот дел од нивните пети останал сув, бидејќи водата не ги допрела. Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Казна и пропаст во огнот ги чека оние кои не го мијат задниот дел од нозете при абдестот.“ Потоа им наредил да го земаат абдестот темелно и целосно.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee